Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на дел од дневни настани 03.03.2020

На 02.03.2020 во 12.30 часот на бул.„Филип Втори Македонски" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција го лишиле од слобода Е.Ш.(31) од с.Шишево, скопско, кој се барал по потерница од Основното јавно обвинителство Скопје за сторени кривични дела по член 123 и член 396 од Кривичниот законик. Е.К. бил забележан на булеварот и кога му бил даден знак за застанување тој извадил пиштол и го вперил во полициските службеници, по што тие испукале два предупредувачки истрели во воздух и набргу потоа тој бил фатен и приведен во Полициската станица Бит Пазар за понатамошна постапка.

На 02.03.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје од паркинг на Средно Водно го лишиле од слобода К.Н.(22) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2020 во 16.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје од ул.„Македонија" го лишиле од слобода Ф.Ц.(20) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2020 во 16.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје од Градски парк го лишиле од слобода Д.Н.(24) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2020 во 12.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје од бул.„Илинден" го лишиле од слобода Б.А.(30) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2020 во 23.45 часот, полициски службеници од Полициска станица Радовиш го лишиле од слобода Е.Б.(18) од Радовиш, кој бил затекнат при вршење на кривично дело „одземање моторно возило". Е.Б. бил задржан во Полициска станица Радовиш, а за настанот бил известен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Радовиш.

Полициски службеници од СВР Битола на 02.03.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека четири возачи биле под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, двајца возачи управувале возило без да поседуваат возачка дозвола, брзината ја надминале тројца возачи, на мобилен разговарале тројца возачи, сигурносен појас не користел еден возач. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

Во текот на изминатиот ден (02.03.2020) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени две возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани е и еден возач поради неправилно преминување и 15 пешаци поради сторени прекршоци. Во текот на изминатиот ден 72 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

На 02.03.2020 во 11.00 часот било пријавено дека на ул.„Кирил и Методиј" во Скопје, патничко моторно возило „ауди А-3" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.К. (44) од Скопје, удрило во пешакот М.И.(74) од Кратово. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.03.2020 во 09.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат с.Групчин-Тетово, после надвозникот за с.Добарце, патничко моторно возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.М.(22) од с.Чифлик, излетало од патот и удрило во дрво и сообраќаен знак. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила А.М. по што била пренесена во Клиничката болница-Тетово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

На 02.03.2020 во 21.50 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Н.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Архитект Сотимир Томовски" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 02.03.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, П.Т.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против Н.Л.(62) од струшкото село Ливада поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „измама при добивање кредит или друга погодност", против Ј.Ц. (40) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама при добивање кредит или друга погодност", „фалсификување или уништување деловни книги" и „фалсификување на исправа" и против М.К.(66) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама при добивање кредит или друга погодност", „фалсификување на исправа" и „соизвршителство". Пријавените, кривичните дела ги сториле во врска со увезен патнички автомобил „мерцедес", кој легално не можел да се регистрира, поради што, изготвиле фалсификувани документи. Тие ги приложиле документите во Бирото за метрологија при Министерство за Економија – Скопје и АМД Охрид за регистрирање на возилото.

На 02.03.2020 во 16.37 часот во СВР Скопје, Б.Ј.(48) од Скопје пријавил дека на бул. „АСНОМ", по претходна расправија околу недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од И.С.(23) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.03.2020 во 11.30 часот во СВР Скопје, С.Н.(45) од Скопје пријавила дека во с.Грчец била физички нападната од Е.Н.(32) од с.Грчец. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.03.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во 20.15 часот, помеѓу железничко стојалиште Скопје и железничко стојалиште Лисиче, од непознати лица бил каменуван возот кој сообраќал на релацијa Скопје - Битола. Притоа, на возот било оштетено едно странично стакло, а откако било утврдено оштетувањето, возот продолжил со движење кон Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.03.2020 во Полициската станица Неготино, А.Ш.(44) од с.Криволак, неготинско, пријавил дека неговата ќерка Ш.Ш.(16) се оддалечила од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 03.03.2020 во 00.47 часот во Полициската станица Аеродром, С.Б.(30) од Куманово пријавил дека во 00.40 часот на ул.„23-ти Октомври" во Скопје, две лица со остар предмет го исекле на прстите на десната рака и му претуреле по ранецот, а откако не пронашле ништо заминале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.03.2020 година, Д.Ч.(45) од Кичево, во полициската станица пријавил дека на улица „Рудничка" во Кичево бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Р.(51) од с.Радолишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот, во текот на 2019 година од Е.П.(49) од Струга набавил систем за вентилација за кој му исплатил само дел од парите, додека за останатиот дел од 60.000 денари биле договорени за шест месеци да му ги исплати. Откако поминал подолг временски период, Е.П. заклучил дека е измамен.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ѓ.С.(37) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.01.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле кокаин, хероин, метадон, диазепам, креатин и бупренофин – медикамент.

Одделението за внатрешни работи Гевгелија поднесе кривична пријава против А.Ш.(29) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Пријавената, на 06.12.2018 во дворот на семејната куќа во Гевгелија продала хероин на Ј.В. од Гевгелија. На 07.12.2018 полициски службеници извршиле преглед над Ј.В. и ја пронашле дрогата.

Одделението за внатрешни работи Гевгелија поднесе кривична пријава против М.А.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.07.2019 во Стар Дојран полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.Т.(24) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.08.2019 на ул.„Партизанска" во Струга, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што пронашле марихуана и дробилка.

Одделението за внатрешни работи Гевгелија поднесе кривична пријава против З.М.(53) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и прекурсори". Пријавениот, на 27.09.2019 во Гевгелија, на место викано „Караорман", му дал да консумира марихуана на Г.Ј., при што биле откриени од полициски службеници.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Г.К.(38) од Штип, управител на „Global Gamnig" ДОО Скопје и против „Global Gamnig" ДОО Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости". Првопријавениот, како одговорно лице во правното лице „Global Gamnig" ДОО Скопје, во текот на 2019 година извршил градежни работи во ентериерот на фасада од куќа на ул.„Широк Сокак" во Битола, објект ставен под заштита на Р.С. Македонија. На 25.09.2019 инспекциски тим на Управата за заштита на културното наследство наредил запирање на преземените градежни работи до добивање на конзерваторско решение, но тој не послушал и си довршил градежните работи врз објектот, со што трајно го нарушил автентичниот изглед на наведениот објект.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет